ВДЛ Ван Хоол Македонија е дел од холандската Групација ВДЛ. Компанијата дојде во земјава во **2012** година кога ја изгради и фабриката во Технолошко индустриската развојна зона Скопје2 во Бунарџик, со што ја врати традицијата на автобуската индустрија во земјата.

Денес повеќе од **1100 вработени** работат во фабриката со површина од **78.000 м2**, произведувајќи автобуси за пребирливите, со почитување на строгите стандарди и критериуми на европските и северноамериканските пазари. Од самиот почеток постојано вложуваме напори дел од своите вградени компоненти да ги обезбедиме од локални извори. Денес ВДЛ Ван Хоол Македонија е сериозен партнер на повеќе од 20 домашни фирми, а во повеќето од нив самата компанија има вложено во нивното знаење со цел да им помогне да станат добавувачи на врвна светски позната компанија.

За растечките потреби на нашиот производен капацитет,лоциран во Технолошко Индустриската Развојна Зона – Скопје2, во Бунарџик / Илинден отвораме нови работни места за следниве позиции:

**РАБОТНА ПОЗИЦИЈА:** МЕШАЧ НА БОИ

**РАБОТНИ ЗАДАЧИ:**

- Подготовка на боите (хемиски премази) согласно налогот за производство (за секое возило) и релевантните инструкции за конкретниот тип на премаз, вклучително и изборот на премаз наведен во налогот;
- Прецизно дозирање на компонентите (хемиски премаз, стврднувач, разредувач) во волуменски соодноси утврдени во инструкциите за подготовка;
- Користење на нумерирани „линеари“ за определување на волуменскиот соодност на компонентите од соодветниот производител на хемиски премази;
- По замешувањето, спроведување на хомогенизација (мешање) на компонентите со мешалка за бои;
- Мерење на вискозитетот на хемискиот раствор со соодветен вискозиметар (според DIN 4 стандард);
- За секој премаз, примена на соодветна инструкција за постигнување на пропишаната густина за конкретниот тип на хемиски премаз;
- Водење евиденција за извршената подготовка во контролната книга за секое возило;
- Одржување на хигиена и правилно складирање на хемиските компоненти во просторијата наменета за подготовка, како и управување со соодветно класифицирање на хемискиот отпад.

**ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ:**

- Минимум средно образование од техничките струки;
- Способност за прецизна работа со детали;
- Способност за работа во динамично опкружување како и работа под притисок со зададени времески рокови;

**ШТО НУДИМЕ:**

- Компетитивни месечни примања на пазарот на труд во РСМ плус минат труд;
- Меѓународно опкружување со многу можности за учење, развој и раст.
- Можности за обука во странство;
- Можност за стекнување на меѓународно препознаени сертификати за стекнати професионални вештини;
- Работна околина според највисоки европски норми за безбедност и здравје при работа;
- Одлично лидерство, позитивна и охрабрувачка работна средина и организациска култура;
- Раст на платата минимум еднаш годишно според успехот;
- Регрес (23.100 денари);
- 24/7 дополнително осигурување од незгода;
- Бесплатен топол оброк со избор на повеќе менија во кантина со ресторански стандард;
- Обезбеден превоз до/од работното место;
- "Купи со попуст" - одобрени попусти за вработени во одредени продажни места;
- Бонус за препорачан пријател на работа;
- Тим билдинг активности;

Доколку сте заинтересирани испратете го Вашето CV (работна биографија) на англиски или на македонски јазик на www.vdlvanhool.com/mk, во делот "**Кариери**" или да не контактирате на телефонскиот број **070 333 299**.

Ќе бидат исконтактирани само кандидатите кои ќе продолжат во следната фаза на селекцијата.

Со Вашето доставување на CV се согласувате истото да биде задржано во нашата база на кандидати во времетраење од 12 месеци.

VANHOOL

VDL company